30

Влада на Република Северна Македонија
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Република Северна Македонија
2 9 01 2021
19 - 1241
Бр. 25-1271-20

Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина Гоу Грин – Скопје
(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

## Растеме заедно
(Име на проектот)

Скопје, 29.јануари 2021 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | Службен весник бр. 130/07 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина Гоу Грин – Скопје |
| Наслов на проектот | Растеме заедно |
| Период на спроведување на проектот | од 01.07.2020 година до 31.12.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Антонио Јовановски, претседател |
| Проектен менаџер | Антонио Јовановски |
| Телефон и е-пошта за контакт | antonio@bidizelen.org ; 070245413 |
| Цел на проектот | (Општа цел) Обезбедување на пристојни и безбедни услови за работа на собирачите на отпад, нивна заштита и едукација, како и интеграција во формализиран систем за управување со отпад |
| Целна група | Неформални собирачи на отпад;<br>Граѓани кои живеат во станбени згради |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Град Скопје;<br>Со проектот се опфатија општините Центар, Кисела Вода, Аеродром и Карпош |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 565.411 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 565.411 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Проектот имаше за општа цел да обезбеди пристојни и безбедни услови за работа на собирачите на отпад, нивна заштита и едукација, како и интеграција во организиран систем за управување со отпад.
Специфични цели:
- Информирање за мерките и препораките на државните институции за спречување на ширење на корона вирусот и зголемување на хигиената и нивните семејства;
- Обезбедување на пристоен приход на собирачите и обезбедување на организиран систем за собирање на пластика и хартија;
- Вклучување на граѓаните во поддршка на процесот, покревање свест и селектирање на отпадот (пластика и хартија)
- Анализа на потенцијалот за рентабилност на социјално претпријатие кое ќе ги вработува собирачите и интегрира во системот за управување со отпад

Проектот ги оствари целите преку активностите кои ги реализираше. Првата активност собра 44+ собирачи (и нивните семејства) и ги информираше за пандемијата и Ковид-19 и зошто е важно да се покрене хигиената. На истата средба се доделија хигиенски пакети, а два дена подоцна се отиде и до нивното живеалиште во Визбегово и им се доделија дополнителни хигиенски пакети.

Втората специфична цел се оствари со тоа што им се даваше суровината која се собираше од зградите (пластика и хартија), генерално 185кг пластика и 350кг хартија неделно. Тоа според моменталната цена на пластиката изнесува околу 2200 денари неделно (1480 денари од пластиката и 700 денари за хартијата). Некои од собирачите не беа задоволни со оваа сума и не беа редовни во собирањето, што ни предизцика проблеми кај станарите и граѓаните. Имавме голема поддршка од нашите волонтери од здружението кои ни помагаа во случаи кога требаше да се собере некоја помала зграда, а исто така ги повикавме и „Пакомак" за да ни помогнат за собирање на „големите згради". На крај успеавме со двацја собирачи да воспоставивме континутет и тие ќе бидат вработени во социјалното претпријатие „Реди рециклажа" кое партнерски се формираше со здружението „РЕДИ".

Третата специфична цел се оствари успешно, со тоа што граѓаните навистина имаат желба да селектираат и да бидат дел од оваа иницијатива. Преку 200 згради се пријавија на првиот повик за селектирање, но нашите капацитети беа да опслужиме 50. На крај завршивме со 46 згради (1750 домаќинства). Преку прашалникот кој го спроведовме во текот на јануари (по наша иницијатива - не беше задолжително) можевме да увидиме дека станарите се задоволни од овој пристап, сакаат да помогнат на заедницата, имаат желба да селектираат и други видови на отпад и би ја препорачале оваа иницијатива и на други згради и граѓани. Нивната трпеливост и разбирање ни значеше многу во текот на предизвиците со кои се соочувавме со собирањето и навистина имаше голема желба и од граѓаните ова да успее.

Четвртата специфична цел во врска со анализата на рентабилноста на овој модел се заклучи дека со моменталната цена на пластика не е рентабилен. Односно, на неделно ниво приходот кој се добива (2180 денари) од суровината, не е доволен за да ги покрие трошоците. На месечно ниво би значело дека би се добил приход од 8720 денари, што не е доволно за да се вработи едно лице. Сепак, подетална анализа на примерок од 400 згради се направи од страна на „Реди рециклажа" формирано од здружението „РЕДИ" (www.regi-ngo.eu) и успеавме да убедиме инвестициски фонд да инвестира во оваа идеја долгорочно. Бизнис моделот кој РЕДИ го изготвни вклучува 400 згради и вработување на 5 собирачи. И со овој модел месечно ќе биде во минус во период од шест месеци, но по шест месеци се планира инвестиција за да се добие дозвола за складирање и третман на отпадот, каде цената на суровината (откако ќе биде истретирана, избалирана) ќе биде дупло, отколку кога е само собрана. Во тој момент, моделот излегува економски одржлив, но во следните шест месеци Реди Рециклажа во партнерство со Гоу Грин ќе работат кон проширување на мрежата на 400 згради и ќе бидат вработени 5 собирачи.

Навистина многу научивме од овој проект и благодарни сме на Владата на РСМ што ја препозна вредноста. Ова искуство и знаење кое го стекнавме е основата кон формализација и организација на собирачите на отпад што навистина е горлив проблем на општеството повеќе децении. Тоа што не радува е дека и граѓаните во Град Скопје ја препознаваат вредноста, се свесни за важноста и на нивните навики и за помагање на сиромашните, и генерално имаат желба да ја поддржат оваа иницијатива (тоа може да го видите од прашалникот и нивните одговори најдолу). На крај, вистина сме среќни што овој проект не застанува тука, туку продолжува преку платформата #Селектирам и соработката помеѓу нашето здружение и здружението РЕДИ.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| **Активност 1: Информирање и директна поддршка со хигиенски пакети на собирачите и** | Во рамки на оваа активност се организираше средба со собирачите и нивните семејства. На оваа средба се информираа за Ковид-19 вирусот и важноста на миењето раце и покревање на хигиената. Се презентираа активностите на | Јули подготовка и август реализација. Средбата со собирачите се одржа на 14 август. Потоа, на 16 август се отиде уште еднаш до | 44+ собирачи присутни на средбата на 14 август - се планираа 30, но дојдоа повеќе. Само 44 се запишаа на листот за евиденција (во прилог). Фалеа хигиенски пакети, па на 16 август се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **нивните семејства** | проектот и им беа доделени хигиенските пакети за семејствата.. | нивното живеалиште во Визбегово каде се дадоа дополнителни хигиенски пакети | отиде до нивното живеалиште во Визбегово за да се однесат дополнителни хигиенски пакети. Се дадоа по 56 парчиња од: течен и тврд сапун, гел за туширање, шампони, прашок за перење, платнени маски, ракавици и други потребни (и побарувани артикли, пример пелени). |
| **Активност 2: Анализа и план за рути за собирање и станбени згради** | Средбата со собирачите се искористи за да се идентификуваат рутите по кои се движат и од каде оперираат. Врз база на тие податоци направивме анализа за таргет станбени згради и рути за собирање | Оваа активност се реализираше на 14 и 16 август кога и се сретнавме со собирачите, и потоа на поединечен состанок со проектниот тим се направи анализата | На списоците за евиденција имаше колона за пишување на реонот каде собираат - по општини. Така добивме информација од 44 собирачи за реонот каде собираат пластика по контејнери. Така и ги таргетиравме потоа зградите каде се поставија картонски кутии за селектирање. |
| **Активност 3. Воспоставува ње соработка со зградите**<br><br>**Активност 3.1. Формулар за изразување интерес од згради и домаќинства**<br><br>**Активност 3.2. Пристапување кон згради** | Искуството ни покажува дека е важно желбата за селектирање во зградите да потекнува од самите станари и куќниот совет да дава поддршка на процесот. Затоа изборот на станбени згради беше оддолу-нагоре, односно со интернет пополнување на формулар за интерес од страна на граѓаните. Формуларот содржеше податоци за бројот на станари во зградата / домот, мотивација за селектирањето и податоци за простор за поставување на кантите и слично. Исто така, контакт лице да биде претставник на куќниот совет, што би значело дека и куќниот совет има желба/одобрение за оваа иницијатива. | 13 август се отвори пријавата за пријавување зграда која имаше огромен интерес (95 споделувања) ЛИНК https://www.facebook.com/gogreenbidizelen/posts/3484222528265893<br>на 2 август ја затворивме пријавата на која имаше 209 пријави. | Во рок од 8 дена (13-21 август) се пријавија 209 згради. Таргетот ни беше 50 згради и ова ги надмина нашите очекувања. Пристапувањето кон зградите за оптимизација, во суштина беше селекција на 50 згради кои се најсоодветни за поставување на кантите. |
| **Активност 4. Поставување на „зелени зони" во станбените згради** | Оваа активност значеше физичка посета во зградите (некогаш и двапати) каде се анализираше просторот и се поставуваа кантите за хартија и пластика.<br>Поставивме картонски кутии со едукативен постер (налепница) која што означуваше инструкции и детали за селектирањето (што се селектира, што не). | Овој процес траеше од крај на август до октомври 2020. | Се потпишаа вкупно 49 згради (2005 станови).<br>Во текот на собирањето три згради се откажаа, и останавме со 46 згради (1760 станови).<br>Во овие 46 згради беа поставени 465 канти (270 пластика, 195 хартија). |
| **Активност 5: Собирање и мониторинг на процесот** | Првото собирање се случи на 23 септември. Последно собирање се случи на 22 декември. Собирањето на пластиката и хартијата се врши по претходна најава од страна на контакт лицето од зградата и во рок од 48 часа, кантите треба да се испразнети. Се соочивме со предизвик во собирањето, бидејќи собирачите кои беа | 23 септември беше првото собирање, а последното собирање беше на | Резултатите се следни: **185kg пластика и 350кг хартија на неделно ниво.** Се собираше **13 недели** (23 септември до 22 декември). Вкупната количина на пластика собрана изнесува 2.405кг и, вкупната |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | договарани, не беа дисциплинирани и се доцнеше со собирање. Со предизвикот се справивме на начин што им ја даваме пластиката и хартијата на собирачите за да надоместат за нивното време. Но, поради намалената цена на пластиката и хартија тешко беше да се убедат да собираат континуирано. Во некои случаи „Пакомак“ со нивните собирачи (фирма) ни помагаше во собирањето на големите згради. Социјалното претпријатие „РЕДИ“ не беше подготвено со потребната дозвола за собирање и транспорт (договорот беше 1 октомври). Првиот менаџер за логистика и супервизија Шени Зекир принудно беше собирач но тоа не го очекуваше и се откажа. Од 1 ноември се замени со Владимир Илиевски кој со сопствено комбе во име на „Нутривет“ ја сервисираше мрежата вклучувајќи двајца собирачи. | | количина хартија изнесува 4.550кг. |
| Активност 6. Комуникациска кампања | Како дел од комуникациската кампања се изработи веб страна www.selektiram.mk. Комуникациската кампања содржи и фејсбук и инстаграм страна каде ќе се промовира проектот и процесот на селектирање | Веб страната беше лансирана во септември, а фејсбукhttps://www.facebook.com/selektiram/ и инстаграм страните на 8 октомври. | Првиот пост на фејсбук страната на Гоу Грин имаше 95 shares и преку 4000 луѓе беа reached. Фејсбук страната Селектирам има 506 likes , а инстаграм страната 103 следачи. Комуникацијата кон граѓаните воглавном се одвива на мејл |
| +Активност | Прашалник за евалуација на проектот - иако не беше предвидено, сакавме да дознаеме како беше перцепиран проектот од граѓаните и што може да научиме за понатаму. | Прашалникот се реализираше од 10 до 19 јануари 2021 | Во прилог посебен документ кој дава осврт на одговорите. Генерално, проектот беше многу добро прифатен и граѓаните очекуваа продолжување. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Во текот на проектот се јавија неколку предизвици.
Прво, се јави голем интерес (209 згради се пријавија) што беше неочекувано. Моравме да „одбиеме“ 156 згради да почекаат за понатаму. Во процесот на поставување на кантите во оние таргетирани 50 згради се јави потребата за нивна посета, увид за просторот, потпишување договор, процес кој потрае подолго од очекуваното, но секојдневно работевме напорно и во прва фаза завршивме 46, а понатаму потпишавме уште 4. Моравме по двапати да одиме во некои згради тука се покренаа транспортните трошоци, а исто така се пријавија некои згради кои беа големи (10+ спрата) и бројот на канти моравме да го зголемиме. Ова не направи свесни дека нема да може да испорачаме целосно замислата со зелен тепих и други декоративни елементи, туку ќе мораме да се фокусираме на канти, ќеси и едукативен постер. Исто така, придонесовме од наши ресурси со флуоросцентни елечи за собирачите и заштитни маски.
Понатаму ни се јави предизвик во собирањето на полните канти пластика и хартија. Откако ги поставивме првите 20 згради почнаа да се јавуваат и за собирање, а ние сеуште бевме во процес на потпишување договори и поставување на канти во другите згради. Во септември сеуште немавме доверлив собирач, па некогаш и ние моравме да отидеме (Менаџерот за логистика и супервизија) и да ги испразниме кантите за да не се јавува фрустрација кај граѓаните. Во меѓувреме најдовме собирачи кои

доаѓаа, а некогаш и не доаѓаа за собирањето. Тоа беше така, поради тоа што пандемијата влијаеше на пад на цената на пластиката и хартија и немаше интерес кај собирачите да ја земат и да ја продадат суровината која има ја дававме гратис. Се јавивме во ПАКОМАК за поддршка и тие ни помагаа во неколку случаи кога стануваше збор за поголемите згради (оние со 9, 10, 15 спрата). Во меѓувреме за помалите згради, Менаџерот за логистика и супервизија ги празнеше и ги даваше гратис на собирачите кои ги имавме во датабазата од првата средба со нив. Конечно, дека немавме одржливо решение за тоа, Менаџерот за супервизија и логистика се откажа од позицијата во октомври. Решение најдовме со тоа што се договоривме со ново лице кое соработува со фирма за рециклирање „Нутривет“ и со сопствено комбе и двајца (роми собирачи) ги сервисираа зградите редовно и ги носеа за рециклирање во „Нутривет“. Тоа беше добро решение и така се справивме со предизвикот за собирање.
Уште еден предизвик се јави во селектирањето на пластиката и хартијата. При селектирање на хартијата, граѓаните некогаш мешано ставаа и други работи, па некогаш фирмата за рециклирање „Нутривет“ не ни ја примаше вреќата со хартија, туку мораше да ја селектираме уште еднаш, што зема дополнително време и предизвика незадолство кај некои собирачи. Истиот предизвик и за пластиката, рециклаторите (Нутривет и другата фирма „Гринтех“) беа заинтересирани само за ПЕТ амбалажата (рециклирачко знакче 1), а ние ги едуциравме граѓаните да селектираат и пластика со знакче 2, 4 и 5, што практично значи тврда пластика (детергент, шампон, најлон, амбалажа од чоколада итн.). Вреќата беше примана како мешана пластика и беше намалена цената по вреќа (пример ако само ПЕТ е 9 денари / килограм, мешана вреќа ја примаа за 8 денари/кг).

## 5. Видливост и јавност (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| МТВ прилог (цело видео) | 39 прегледи на ЈуТуб | | https://www.youtube.com/watch?v=4jtg-EIDRps |
| МТВ прилог (исечок) | 190 прегледи на ЈуТуб | | https://www.youtube.com/watch?v=_HV-auublOU |
| МТВ гостување во утринска | 44 прегледи на ЈуТуб | | https://www.youtube.com/watch?v=nt6g1f4ew18 |
| Објава на радиомоф | | | https://www.radiomof.mk/go-green-prijavi-za-zgradi-za-prikluchuvanje-kon-inicijativata-selektiram/ |
| Објава за пријави на згради на фејсбук | 24 лајкс<br>95 споделувања | | |
| Објава за пријави на згради на инстаграм | 159 лајкс<br>100 споделувања<br>41 зачувуваче | | |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Од проектот научивме многу. И за собирачите и за граѓаните. И исто така за вредноста на волонтерите. Заклучок по однос на неформалните собирачи на отпад е дека има надеж, но ќе биде тешко. Со оваа иницијатива заклучивме дека има дел од нив кои сакаат да бидат вработени и да ги пратат своите деца во училиште, но има и такви кои им е тешко, односно не сакаат да се откажат од моменталниот начин на живот. Поголемиот дел од нив размислуваат краткорочно, од ден за ден, од недела за недела. Долгорочно размислување, образование со вработување, не е карактеристично за поголемиот дел од нив. Сепак, има надеж кај оние малкуте кои сакаат да променат нешто во нивниот живот и да ги пратат децата на

училиште. Тие се оние 5 лица кои ќе бидат вработени во социјалното претпријатие „Реди рециклажа" и ќе започнат пристоен живот.

Во однос на станарите, за да ги извадиме заклучоците креиравме прашалник за зградите кои се дел од мрежата на проектот. Добивме 141 одговори, најмногу од општина Аеродром (68 одговори) и најмалку од општина Карпош (20 одговори). Прашалникот се спроведе во периодот од 10 до 19 јануари 2021. Подолу е графички приказ на прашањата и одговорите.







На прашањето за оценка за иницијативата #селектирам може да се заклучи дека најголем дел од нив (111 одговори) ја оценуваат за „одлична", а 17 одговори „многу добра", што значи дека **90% од станарите се задоволни (оценка 4 и 5)**. Само 4,2% се незадоволни и ја оценуваат со 1 или 2.




На прашањето за мотивација за селектирање **92,2% одговориле дека „Сакаат да придонесат за заедницата"** и повеќе од **половина од нив (53,2%) одговориле дека сакаат да бидат добар пример за нивнит деца**. 38.3% селектираат бидејќи сакаат да се чувствуваат добро за себе. **Една третина (31%) одговориле дека мотивацијата да селектираат е да помогнат на ранливите групи.**




**78,7% одговориле дека оваа иницијатива влијаела на нив за да бидат повеќе свесни за нивните навики во однос на отпадот.** Само 11.3% се изјасниле со „Не", а останатите 10% одговориле дека и претходно веќе биле свесни.

Што би подобриле во #Селектирам?

141 responses




На прашањето што би подобриле во однос на иницијативата #Селектирам, **54,6% одговориле дека едукацијата за селектирањето треба да биде постојана,** а 41.1% одговориле дека собирањето на кантите треба да се случува почесто. Само 29.1% се изјасниле дека информирањето за станарите треба да биде на огласна табла внатре во зградата.




На прашањето дали станарите би придонеле на иницијативата со месечен симболичен надомест, **47.5% одговориле дека би платиле симболичен надомест доколку знаат како се трошат нивните пари**. 39% одговориле дека би платиле надомест доколку со тоа помагаат и на сиромашните, а 28.4% се изјасниле дека би придонеле доколку со подобри услугата. Само 14.9% одговориле дека не би платиле месечен надомест.




На прашањето дали количината на хартија и пластика се намалила откако почнал процесот на селектирање, најголемиот дел (39.7%) се изјасниле дека таа останала иста. **22.7% одговориле дека количината на генерирана хартија и пластика значајно се намалила**, а 32.6% одговориле дека количината на хартија и пластика се намалила, но немало голема разлика.




**Најголемиот дел од нив (83%) се изјасниле се имаат навикнато на селектирањето отпад како дел од нивното секојдневие**, а 14.9% одговориле дека досега не се навикнале, но ќе се навикнат.




На прашањето дали после досегашното искуство со иницијативата #Селектирам би селектирале и друг тип на отпад, **88.7% одговориле дека имаат желба да селектираат и друг тип на отпад.** 7.1% се изјасниле со „Не“.




На прашањето за **одвојување на пластичните капачиња во посебен сад, најголемиот дел (85.1%) одговориле со „Да"**, а само 11.3% се изјасниле со „Не".




На прашањето кои други типови на отпад би ги селектирале станарите, најмногу одговори **(85.8%) има за селектирање на стакло и за селектирање на мали батерии(81.6%)**. Освен стакло и мали батерии, голем број (65.2%) избрале дека би селектирале и капачиња.




На прашањето за комуникацијата помеѓу станарите, 83% одговориле дека комуникацијата останала иста како и претходно, а само **9,9% одговориле дека комуникацијата се подобрило откако почнале да селектираат.**




На прашањето за поставување на кантите на едно место во зградата (пример -1 или на мезанин), **73.8% одговориле дека би продолжиле со селектирањето доколку кантите се поставаат на едно место,** а само 9.2% се изјасниле дека во тој случај не би продолжиле со селектирањето.




**Поголемиот дел (76.6%) одговориле дека како резултат на оваа иницијатива би охрабриле други лица да селектираат.** 20.6% одговориле со „Не“.




**На прашањето за покана на други луѓе за приклучување на иницијативата #Селектирам, 95% одговориле со „Да“**, односно би поканиле и други луѓе, а само 3.5% одговориле со „Не“.

Последното прашање јасно ја укажува желбата на граѓаните да селектираат и потребата за проширување на оваа мрежа. Иако се соочивме со многу предизвици во текот на реализацијата на проектот, и сеуште не е економски одржлив, ќе продолжиме со оваа иницијатива и во партнерство со „Реди рециклажа“ упорно ќе бараме соодветни начини за да ја подобриме услугата и вработуваме собирачи кои ќе имаат пристојна работа. Исто така ја препознаваме и вредноста на нашите волонтери кои веруваат во оваа кауза и нивните часови и заложби во овој проект се од непроценлива вредност.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | 353430 | 353430 | |
| **II. Оперативни трошоци** | 123432 | 123486 | |
| **III. Директни трошоци** | 88550 | 93221 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | 565412 | 570131 | |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 29.02. 2021 год.

(Место) (датум)

Антонио Јовановски, претседател

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

(Потпис)

М.П.

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на здружението | Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина Гоу Грин Скопје | | | |
| Наслов на проектот | Растеме заедно | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 565,411 | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | | | | |
| Вкупен буџет на проектот | | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
| **Буџетска линија** | **Вкупно** | **Реализирано** | **Остаток** | **Остаток (%)** |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| Плати и надоместоци | | | | |
| Проектен менаџер, Антонио Јовановски | 162,000 | 162,000 | 0 | 0% |
| Менаџер за логистика и надзор, Шени Зекир и Владимир Илиевски | 118,930 | 118,930 | 0 | 0% |
| Менаџер за комуникации, Мила Јовановска | 52,500 | 52,500 | 0 | 0% |
| Волонтер за администрација и логистика, Кристина Цоковска | 20,000 | 20,000 | 0 | 0% |
| Вкупно за I | 353,430 | 353,430 | 0 | 0 |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Сметководствени услуги | 16,992 | 16,992 | 0 | 0% |
| Наемнина на деловен простор | 84,870 | 84,870 | 0 | 0% |
| Трошоци за транспорт | 18,600 | 18,700 | -100 | -1% |
| Банкарски провизии | 2,970 | 2,924 | 46 | 2% |
| Вкупно за II | 123,432 | 123,486 | -54 | 0% |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| **Активност 1. Хигиенски пакети за собирачите** | 38950 | 44,151 | -5,201 | -13% |
| 1.1. Набавка на хигиенски производи | | 34615 | | |
| 1.2. Набавка на кутии за хигиенски пакети | | 1274 | | |
| 1.3. Набавка на ракавици за собирачите | | 2549 | | |
| 1.4. Набавка на маски за собирачите | | 1200 | | |
| 1.5. Набавка на столчиња за состаноци | | 1660 | | |
| 4.3 Хигиена за собирачи и волонтери | | 2,915 | | |
| **Активност 4: Зелени зони во зградите** | 47000 | 46197 | 803 | 2% |
| 4.1. Набавка на пластични врќки за отпад | | 15694 | | |
| 4.2. Набавка на картонски кутии за пластика и хартија | | [illegible] | | |
| **Активност 6. Комуникациска кампања** | 2,600 | 2,873 | -273 | -11% |
| Вкупно за III | 88,550 | 93,221 | -4,671 | -5% |
| **ВКУПНО I + II + III** | 565,412 | 570,137 | -4,725 | -1% |

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци треба да бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е направен трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Договорот за обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретаријат може да ја побара на увид целокупната придружна документација.

ГРИН